РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIU
ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ - KOMUNA E JEGUNOVCIT

Бр.- Nr. 08-269/1
06.02.20 25 год. /vit.
ЈЕГУНОВЦЕ - JEGUNOVC

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

С.Јегуновце, Јегуновце

Врз основа на член 17-а и 26 од Законот за јавните претпријатиа (,,Службен весник на РМ,,бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и ,,Службен весник на РСМ,,бр.275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), член 36 став 5 од Законот за локална самоуправа (Службен весникна РМ,,бр5/02), член 2 од Одлука за формирање на Комисија за селекција за избор на член во Управниот одбор на ЈП ,,РУСИНО,,-ПОЛОГ бр.08-160/7 од 30.01.2025 година, Советот на Општина Јегуновце, објавува:

ЈАВЕН ПОВИК бр.01/2025

За пројавување на интерес за пријавување на кандидат за избор на член на управен одбор на ЈП ,,РУСИНО,, ПОЛОГ

1) Општина Јегуновце на предлог на Директорот на ЈП ,,РУСИНО,, ПОЛОГ, на веб страницата на општина Јегуновце www.opstinajegunovce.gov.mk објавува јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на 1(еден) член на управен одбор на ЈП ,,РУСИНО,, ПОЛОГ, со седиште на Сушица, Гостивар.

2) За член на управен одбор на јавното претпријатие, може да биде именувано лице кое ги исплонува следните услови:
-да е државјанин на Република Северна Македонија;
-да има најмалку 240 кредити стекнати по ЕКТС или завршен VII/1 степен високо образование;
-во моментот на именување со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана на вршење професија, дејност или должност;
-да има најмалку пет година работно искуство.

3) Со пријавата заинтересираните кандидати задолжително треба да ја достават следната документација:
   - Образец за пријавување;
   - Кратка биографија;
   - Уверение за државјанство;

- Уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование, соодветно за местото за кое се пријавува.
- Доказ дека во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречене казна или прекршочна санкција за вршење на професија, дејност или должност;
- Доказ дека има најмалку пет години работно искуство за соодветното место за кое се пријавува (Преглед на регистрирани податоци во матична евиденција од Фонд на пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија);
- Сертификати, лиценци, увериена, дипломи издадени од овластени, односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон за бараната позиција;

4) Документите од точка 3 треба да бидат поднесени во оргинал или копија завенрена на нотар и истите се доставуваат до архива на Општина Јегуновце, со назнака: ,,За Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен одбор со назнака за позицијата за која се аплицира и јавното претпријатие за кое се аплицира,,.

5) Членот на Управниот одбор на јавното претпријатие го именува, односно разрешува основачот на јавното претпријатие – Советот на општина Јегуновце.

6) Член на Управен одбор на јавното претпријатие не може да има лично, преку трето лице или по било која основа, интереси во претпријатие или трговско друѓтво кое е во деловни односи со јавното претпријатие,кои можат да имаат било какво влијание на неговата независност и непристрасност во одлучувањето на јавното претпријатие. Секојчлен на управен одбор, е должен да го предупреди основачот на постоењето на ваков интерес кај еден или повеќе членови на Управниот одбор.

7) Неспојливи со функцијата претседател и член на управен одбор на јавното претпријатие со функциите претседател и членови на Владата на Република Северна Македонија.

8) Рок за пријавување на заинтересираните кандидати е 5 дена, сметано од денот на објавување на јавниот повик.

9) Повикот ќе биде објавен на веб страницата на Општина Јегуновце.

10) Краен датум за пријавување е 12.02.2025 година.

11) Кандидатите кои аплицираат за членови на повеќе управни одбори, потребно е да поднесат поединечно пополнета пријава за секоја позиција за која аплицитаат.

12) Непополнетата пријава како и некомплетираната документација и документацијата доставена по истек на рокот за аплицирање нема да биде разгледана.

Совет на Општина Јегуновце
Претседател
Перица Савески

